ЕВРОПСКА КОМИСИЈА
Образование и култура

Доживотно учење: Политики за образование и обука
Училишно образование и високо образование

# Заеднички европски принципи за компетенциите и за квалификациите на наставникот[1]

## Вовед

Намерата на овој текст е да ги поддржи креаторите на политиките на национално или регионално ниво со дефинирање на заеднички европски принципи за компетенциите и за квалификациите на наставникот. Тие беа изготвени како одговор на предизвиците изнесени во Заедничкиот периодичен извештај на Европскиот совет и на Европската комисија за напредувањето кон ***Образование и обука 2010***.[2]

## Заднина

Наставниците играат одлучувачка улога во поддржувањето на искуството на учење кај младите луѓе и кај возрасните ученици. Тие се клучните играчи во тоа како образовните системи еволуираат и во спроведувањето на реформите коишто може да ја направат Европската унија економија со највисок перформанс движена од знаењето во светот до 2010 година. Тие признаваат дека висококвалитетното образование, на оние што учат, им дава лично исполнување, подобри социјални вештини и поразновидни можности за вработување. Нивната професија, инспирирана од вредностите на вклучувањето и од потребата да се негува потенцијалот на сите кои учат, има силно влијание врз општеството и игра витална улога во унапредувањето на човековиот потенцијал и во обликувањето на идните генерации. Затоа, за да ја оствари својата амбициозна цел, Европската унија ги гледа улогата на наставниците и нивното доживотно учење и развојот на кариерата како клучни приоритети.

---

[1] Во овој документ *наставник* е лице признато дека има статус на наставник (или еквивалентен) според законодавството или практиката на дадена земја. Зборот „еквивалентен“ е потребен бидејќи во некои земји може да има групи наставници со различни називи/титули, а сите да имаат ист статус. Во некои земји *наставник* би можел да биде и *обучувач* кој работи со ученици на училишна возраст и со млади возрасни лица кои ги следат стручните програми во училиштата, на колеџите, во компаниите или организациите за обука.

[2] *Образование и обука 2010 – Успехот на факторите на Лисабонската стратегија за ургентни реформи* беше донесен заедно од страна на Советот и на Комисијата на 26 февруари 2004. Овој извештај препорача дека како „приоритетно прашање“ треба да се развијат заеднички европски референци и принципи во повеќе области, вклучувајќи ги компетенциите и квалификациите на наставниците и обучувачите, стр. 28.

Наставниците треба да бидат опремени да одговорат на еволуирачките предизвици на општеството на знаењето, активно да учествуваат во него и да ги подготват оние што учат да бидат автономни доживотни ученици. Затоа, тие треба да бидат способни да размислат за процесите на учење и на предавање преку континуирана вклученост во предметното знаење, содржината на курикулумот, педагогијата, иновацијата, истражувањето и социјалната и културната димензија на образованието. Образованието на наставниците треба да биде на ниво на високо образание или негов еквивалент и да биде поддржано со силни партнерства меѓу високото образование и институциите каде што ќе се вработуваат наставниците.

Наставниците, исто така, имаат клучна улога во подготвувњето на учениците за нивната улога како граѓани на ЕУ. Како такви, тие треба да можат да ги признаат и почитуваат различните кутури. Искуството од прва рака стекнато во други европски земји им дава поддршка на наставниците кога тие одговораат на овој предизвик. Затоа, приоритет треба да се даде на развивањето на заедничка доверба и признавање на компетенциите и квалификциите[3] на наставниците меѓу земјите-членки.

И покрај тоа што наставниците играат суштинска улога во општеството, тие не можат да дејствуваат сами. Нивното сопствено висококвалитетно образование треба да биде поддржано од институциите каде што тие се вработени, во контекст на кохерентни национални или регионални политики, коишто располагаат со соодветните ресурси. Овие политики мора да се осврнуваат на иницијалното образование на наставниците и на континуираниот професионален развој, но исто така мора да бидат поставени, генерално, во рамки на поширокиот контекст на образовни политики. Оние кои ги обучуваат наставниците имаат влијание врз квалитетот на учењето и затоа треба да бидат поддржани како дел од националниот или регионалниот систем.

## Заеднички принципи

Овие заеднички европски принципи треба да обезбедат стимул за развивање на политики коишто ќе ги интензивираат квалитетот и ефикасноста на образованието насекаде низ Унијата. Заедничките европски принципи се:

- **доброквалификувана професија:** висококвалитетните образовни системи бараат сите наставници да се дипломци на високообразовни институции, а оние кои работат во областа на иницијалното стручно образование треба да бидат висококвалификувани во нивната професионална област и да имаат соодветна педагошка квалификација. Секој наставник треба да има можност да ги продолжи своите студии до највисокото ниво, за да ги развие своите наставни компетенции и да ги зголеми своите можности за напредување во рамките на професијата. Образованието на наставниците е мултидисциплинарно. Тоа обезбедува дека наставниците имаат обемно предметно познавање, добро познавање од областа на педагогијата, вештини и компетенции потребни за водење и поддржување на учениците, и разбирање за социјалната и културната димензија на образованието.

[3] Квалификациите и постигнувањата на наставниците треба да се разберат во рамките на Европската рамка на квалификации.

- **професија ставена во контекст на доживотното учење[4]:** наставниците треба да бидат поддржани да го продолжат нивниот професионален развој во текот на целата нивна кариера. Тие и нивните работодавци треба да ја признаат важноста од стекнување ново знаење, а наставниците треба да бидат способни за иновации и да користат докази како информации во нивната работа. Треба да се вработени во институции што го вреднуваат доживотното учење, за да можат да еволуираат и да се адаптираат во текот на целата кариера. Наставниците треба да се поттикнат да ги разгледаат доказите од ефективната практика и да се вклучат со тековни иновации и истражување, за да го задржат темпото со општеството на знаењето коешто еволуира. Тие треба да бидат охрабрени активно да учествуваат во професионалниот развој, што може да вклучува периоди на време минато надвор од образовниот сектор, а тоа треба да биде признато и да се награди во рамки на нивните сопствени системи.

- **мобилна професија:** мобилноста треба да биде централна компонента на иницијалните и континуирани програми за образование на наставниците. Наставниците треба да се поттикнат да учествуваат во европски проекти и да го минуваат времето работејќи или студирајќи во други европски земји, со цел професионален развој. На оние кои ќе го сторат тоа треба да им се признае статусот во земјата-домаќин, а нивното учество да им се признае и вреднува во нивната земја. Треба, исто така, да има и можност и за мобилност меѓу различните нивоа на образование и кон различните професии во рамки на образовниот сектор.

- **професија базирана на партнерства:** институциите коишто обезбедуваат образование за наставници треба да ја организираат нивната работа во соработка и пратнерство со училиштата, локалните работни средини, обезбедувачите на обука базирани на работа и други засегнати страни. Високообразовните институции треба да гарантираат дека нивната настава ги користи придобивките од знаењето од тековната практика. Партнерствата кај образованието на наставниците каде што се нагласуваат практичните вештини и академската и научната основа, треба на наставниците да им обезбедат компетентност и доверба да размислуваат за сопствената и за практиката на другите. Самото образование на наставниците, треба да биде поддржано и да биде предмет на изучување и истражување.

## За да функционира: клучни компетенции

Наставата и образованието придонесуваат кон економските и културните аспекти на општеството на знаењето и, поради тоа, треба да се гледаат во нивниот општествен контекст. Наставниците треба да можат:

---

[4] Доживотното учење на наставниците треба да биде формално, неформално и информално. Опфаќа образование, обука, преквалификација, ажурирање во школи и во јавни и приватни институции. Обуката може да биде за сите работи што влијаат врз процесот на учење на поединецот, како предметното знаење, методи на настава и учење, педагогија, психологија, организациски приоди, теории и практики.

**Да работат со други:** работат во професија што треба да се заснова на вредности на социјално вклучување и негување на потенцијалнот на секој оној кој учи. Тие треба да имаат познавање за човековиот раст и развој и да покажат самодоверба кога се работат со други. Треба да можат да работат со учениците како поединци и да ги поддржат да се развијат во припадници на општеството кои целосно учествуваат и се активни. Тие, исто така, треба да бидат способни да работат на начини коишто ја зголемуваат колективната интелегенција на учениците и да соработуваат со колегите за да го интензивираат сопственото учење и предавање.

**Да работат со знаење, технологија и информации:** тие треба да можат да работат со најразновидни видови на знаење. Нивниот образовен и професионален развој треба да ги опреми да пристапуваат кон, да го анализираат, валидираат, размислуваат за и да го пренесуваат знаењето, ефективно користејќи ја технологијата онаму каде што е соодветно. Нивните педагошки вештини треба да им овозможат да создадат средини на учење и да управуваат со нив, и да ја задржат интелектуалната слобода да изберат како ќе го испорачуваат образованието. Нивната доверба во користењето на ИКТ треба да им овозможи истите ефективно да ги интегрират во учењето и предавањето. Тие треба да се способни да ги водат и да ги поддржуваат учениците во мрежите во коишто може да се најдат и да се вградат информации. Треба да имаат добро разбирање за предметното знаење и на учењето да гледаат како на доживотно патување. Нивните практични и теоретски вештини треба, исто така, да им дозволат да учат од искуствата и да ги усогласат широкиот спектар на наставни и стратегии на учење на потребите на оние кои учат.

**Да работат со и во општеството:** тие придонесуваат во подготвувањето на учениците да бидат глобално одговорни во нивнта улога како граѓани на ЕУ. Наставниците треба можат да ја промовираат мобилноста и соработката во Европа и да поттикнат меѓукултурно почитување и разбирање. Треба да имаат разбирање за рамнотежата меѓу почитувањето и свесноста за разновидноста на културите на учениците и идентификувањето на заедничките вредности. Тие, исто така, треба да ги разберат факторите што создаваат социјална кохезија и исклчучување во општеството, и да бидат свесни за етичките димензии на општеството на знаење. Треба да бидат способни ефективно да работат со локалната заедница и со партнерите и засегнатите страни во образованието – родителите, институциите за образование на наставници и репрезентативните групи. Нивното искуство и експертиза треба, исто така, да ги оспособат да придонесат кон системите за гаранција на квалитет.

Работата на наставниците во сите овие области треба да биде вградена во професионалниот континуум на доживотното учење што го опфаќа иницијалното образование за наставници, воведувањето и континуираниот професионален развој, бидејќи не може да се очекува тие да ги поседуваат сите неопходни компетенции со завршувањето на иницијалното образование за наставници.

## Препораки за националните и регионалните креатори на политиките

За спроведување на политиките во согласност со овие *заеднички европски принципи*, следниве препораки се упатуваат до оние кои се одговорни за креирање на политиките на национално или на регионално ниво:

1. Наставничката професија треба да биде добро квалификувана.
    - Наставниците треба да се дипломци на високообразовна институција или еквивалентна.
    - Оние кои предаваат во областа на иницијалното стручно образование треба да се висококвалификувани во нивната професионална област и да имаат соодветни наставни квалификации.
    - Програмите за образование на наставници треба да се испорачуваат во трите циклуци[5] на високо образование, за да се осигура нивното место во европската високообразовна област и да се зголеми можноста за напредување и мобилност во рамки на професијата.
    - Треба да се промовира придонесот на практиката базирана на истражување и докази кон развивањето на ново знаење за образованието и обуката.

2. Наставничката професија треба да се гледа како континуум што ги опфаќа иницијалното образование за наставници, воведувањето и континуираниот професионален развој.
    - Потребни се кохерентни стратегии за доживотно учење со соодветни ресурси, коишто ги опфаќаат активностите за формален и неформален развој за обезбедување континуиран професионален развој за наставници. Овие активности, кои опфаќаат предметна и педагошка обука треба да се достапни во текот на целата кариера и соодветно признати.
    - Содржината на иницијалните и програмите за континуиран професионален развој треба да ја рефлектираат важноста на интердисциплинарните и колаборативни приоди кон учењето.

3. Треба да се поттикне мобилна наставничка професија.
    - Проектите за моблност на наставниците треба да се поттикнат и промовираат како интегрален дел на иницијалните програми и програмите за континуиран професионален развој.
    - Иницијалните и програмите за континуиран професионален развој треба да осигураат дека наставниците имаат познавање и искуство со европската соработка, што ќе им овозможи да го вреднуваат и почитуваат културниот диверзитет и да ги едуцираат учениците да станат граѓани на ЕУ и да бидат глобално одговорни.
    - Во текот на иницијалното образование на наставниците и во програмите за континуиран професионален развој треба да бидат достапни и да се промовираат можности за изучување на европски јазици, вклучувајќи ја употребата на специјалистички вокабулар.
    - Треба да се даде приоритет на развивањето поголема доверба и транспарентност на квалификациите на наставникот во Европа, за да се овозможи заемно признавање и зголемена мобилност.

---

[5] Додипломски, магистерски и докторски студии во рамките на значењето на Болоњскиот процес.

4. Наставничката професија треба да работи во партнерство со другите засегнати страни.

- Треба да се поттикнат партнерства меѓу институциите каде што ќе се вработуваат наставниците, индустријата, обезбедувачите на обука и високообразовните институции, за да се поддржи висококвалитетната обука и ефективната практика, и да се развијат мрежи на иновација на локално и регионално ниво.